# Вести од светот
## за млади и возрасни



2023 • **ВТОРО ТРИМЕСЕЧЈЕ** • ИНТЕРЕВРОПСКА ДИВИЗИЈА



AdventistMission.org

# Содржина

**На насловната страница:** Виолета пораснала со мислата дека постои строг Бог, кој се спротивставува на природните убавини на нејзината родна Романија. Таа копнеела да го запознае Бога на вистински начин. Приказната за Виолета можете да ја прочитате на 6. страница од списанието.

## Романија


**4** Каде се добрите луѓе? | 1 *април* T

**6** Го најдов Бога, изворот на убавината | 8 *април* T


## Шпанија


**9** Уапсен на аеродром | 15 *април* T

**11** Сеење семе во Шпанија | 22 *април*

**14** Неочекуван оглас за извидници | 29 *април* T

**16** Човекот со Библија | 6 *мај*
































## Италија


**19** Храбар план за бегство | 13 *мај* T

**21** Од Лос Анџелес до Рим | 20 *мај* T


## Португалија


**24** Затвореник со радио | 27 *мај* T

**26** Фатен во стапицата на алкохолизмот | 3 *јуни*

**29** Повторно крстен | 10 *јуни*

**31** Таинствениот човек на велосипед | 17 *јуни* T

**34** Програма на 13-тата сабота: Мисионско поле во домот | 24 *јуни*

**37** Идни проекти на 13-тата сабота

**38** Карта

**39** Извори за водачите


T = *Искуства кои се посебно интересни за тинејџерите*

Seventh-day Adventist Church

© 2023 General Conference of Seventh-day Adventists® • All rights reserved
12501 Old Columbia Pike,
Silver Spring, MD 20904-6601
1-800-648-5824 • AdventistMission.org

# Драг водачу на саботната школа,

Во текот на ова тримесечје ќе се фокусираме на Интеревропската дивизија која вклучува 20 земји и територии: Андора, Австрија, Белгија, Бугарија, Чешка Република, Франција, Германија, Гибралтар, Италија, Лихтенштајн, Луксембург , Малта, Монако, Португалија, Романија, Сан Марино, Словачка, Шпанија, Швајцарија и Ватикан.

Во оваа дивизија живеат 338 милиони луѓе, вклучувајќи 178.378 адвентисти. Тоа е соодност од 1 адвентист на 1.894 луѓе, што е приближно истиот соодност како и пред три години. Ова претставува показател за предизвикот да се допре до луѓето во овие главно секуларни земји со добрата вест за Исусовото скорешно доаѓање.

Дарот на тринаесеттата сабота од ова тримесечје ќе биде наменет за пет мисионски проекти во четири земји до оваа дивизија. Повеќе информации можете да најдете во информативниот дел на оваа страница.

## Можности

Даровите на 13-та сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за пет проекти на Интеревропската дивизија:

- Изградба на основно училиште во Сетубал, Португалија
- Изградба на центарот „Надеж и живот“ во Лион, Франција
- Изградба на младински камп во Гланд, Швајцарија
- Изградба на основно училиште во Мојсеи, Романија
- Изградба на центар за воннаставни активности во Галата, Романија

## Специјални карактеристики

Искористете ја предноста на мисионските приказни во видеозаписот, кои ги изнесуваат искуствата на луѓето ширум светот, со посебен фокус на примателите на мисионски дарови на 13. сабота. Ако сакате, можете да добиете опис на секој видеоклип и линк на Интернет, за да можете да ја преземете апликацијата или да ги гледате видеоклиповите преку Интернет. Ние секоја седмица објавуваме дополнителни слики и занимливости што можете да ги преземете и прикажете во вашата класа на компјутер или мобилен телефон додека ги читате мисионските стории, или можете да отпечатите слики и да ја декорирате просторијата во саботната школа или или огласната табла во вашата црква.

Дополнително, можете да го преземете мисионското списание во PDF - верзија на линкот bit.ly/adultmission и видеа од Mission Spotlight на bit.ly/missionspotlight, а факти и активности од Интеревропската дивизија можете да најдете на bit.ly/eud-2023. Посетете ја и нашата Фејсбук страница: facebook.com/missionquarterlies.

За дополнителни информации, можете исто така да ме контактирате директно: mcchesneya@gc.adventist.org

Вашата поддршка на мисионството е многу важна за единството на црквата.

Ви благодариме што помагате членовите на вашата саботношколска класа да се запознаат со своите духовни браќа и сестри ширум светот и што ги охрабрувате да учествуваат во мисионството на црквата преку своите дарувања.

Од срце ви посакувам изобилни Божји благослови!

*Ендрју Мекчизни*
*Уредник на списанието*





# Каде се добрите луѓе?

РОМАНИЈА | 1 април 2023

Махај

Михај пораснал со родители кои го воспитале да биде добар. Неговите родители биле луѓе што знаеле да почитуваат и никогаш не користеле груби зборови. Тие исто така биле многу вредни. Иако започнале без пари, благодарение на нивната напорна работа, станале сопственици на големо лозје во Романија. Иако произведувале и продавале вино, тие не пиеле.

Михај го следел примерот на своите родители. Тој кон луѓето се однесувал љубезно, со почит и не користел лоши зборови. Исто така, не пиел алкохол. Сакал да се движи меѓу луѓе слични на него, луѓе што се љубезни, кои немаат лош речник и не пијат. Но, се чинело дека е многу тешко да се најдат такви луѓе.

Михај барал такви луѓе во рудникот за јаглен каде што работел како инженер. Но, соработниците околу него биле насилни, честопати нељубезни еден кон друг и се препуштале на алкохолот.

Уживал да оди во црква секоја недела, каде што барал добри луѓе. Но, се разочарал кога видел христијани кои покажувале меѓусебно непочитување, користеле изрази што не доликуваат на нивната положба и кои пиеле алкохол.

Тој му се пожалил на свештеникот за неговото разочарување.

„Сакам да запознаам добри луѓе, но не можам да најдам ниту еден во црквата“, му рекол тој.

Свештеникот го охрабрил да продолжи да доаѓа во црква.

Но, по некое време, Михај сметал дека нема потреба да продолжи да оди во црква. Бил разочаран од начинот на кој живееле верниците на црквата.

На работното место, Михај се држел до принципите што ги научил од своите родители. Тој почитувал, не користел лоши некултурни зборови, имал љубезно однесување и не пиел. Луѓето го препознале како добар водач и станал директор на компанијата надгледувајќи неколку илјади работници. Како директор, тој копнеел да запознае некој чиј начин на живот ќе остави впечаток на него. Но, не можел да најде таква личност меѓу соработниците. Никој не ги оправдал неговите очекувања.

По успешната деловна кариера, тој се преселил како пензионер во Крајова, град кој се наоѓа на околу 230 километри западно од главниот град на Романија, Букурешт. Се надевал дека тука ќе ужива во своите златни години. Но, две седмици по неговото пензионирање, доживеал тежок мозочен удар и бил хоспитализиран.

По некое време се вратил во својот дом обидувајќи се да го обнови својот живот. Секое утро правел вежби во дворот пред својата куќа, обидувајќи се да ја врати функцијата на своите некогаш силни раце и нозе. Тој вложувал голем напор во овие вежби, но се борел и со своите емоции. Една од последиците на мозочниот удар била тоа што често пати бил склон да плачеше.

Еден сосед по име Габриел го забележал Михај како вежба надвор и почнал тајно да се моли за него. Иако двајцата никогаш не разговарале еден со друг, Габриел се молел за Михај барајќи од Бога да му даде физичка и духовна сила на овој постар човек.

По три седмици, Габриел отишол во куќата на Михај, се претставил и го поканил да се придружи на нивната мала група за молитва и проучување на Библијата.

На Михај му се допаднале активностите на оваа мала група. Нејзините членови се однесувале со почит едни кон други, не употребувале груб и лош јазик и не пиеле. Тие биле токму такви луѓе какви што тој ги барал цел жи-

## Во врска со искуството

- На картата на Романија, прикажете ги локациите каде што ќе се употребат средствата на двата мисионски проекти, основно училиште и центар за дневен престој на школски деца по часовите. Можете да ја користите мапата на мисијата за да ја преземете картата од Facebook на bit.ly/fb-mq.

Габриел го поканил Михаи да се приклучи на малата група во центарот на влијание Sola Scriptura, еден од повеќе од 50 такви центри во Романија, каде што верниците на црквата одржуваат библиски часови, здравствени семинари и други активности. Многу центри како што е Sola Scriptura продаваат и духовна литература и здрава храна.

- Преземете други фотографии на Facebook: bit.ly/fb-mq.
- Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интеревропската: bit.ly/eud-2023..
- Оваа мисионската сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали за живот исполнет со духот. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници во црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, и ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Во 1904 година, Џ.Ф. Гинтер, бил испратен во Букурешт од Русија. Тој ја организирал првата група верници во градот, составена од 16 членови. Меѓутоа, поради силното противење на романската православна црква, пасторот Гинтер бил протеран од Романија. Неговото место го зазеле романските пастири кои не можеле да бидат протерани од властите и кои имале значително влијание врз понатамошниот развој и ширење на адвентистичката порака во Романија.

вот. Сакал да ја проучува Библијата. Преку оваа мала група тој ја запознал Божјата љубов.

Денес, Михај секоја сабота оди во адвентистичката црква во Крајова.

„Среќен сум што успеав да најдам луѓе кои барав да ги сретнам во текот на мојот живот - љубезни луѓе што знаат да почитуваат, кои не пијат и не користат лош јазик. Поради тие добри луѓе денес сум во црква“.

Тој копнее да му го предаде своето срце на Исус преку крштевање, штом ќе биде физички подготвен.

Неговиот сосед Габриел станал негов близок пријател и доста време поминуваат заедно.

Михај жали што не можел да ужива во пензионирањето како што се надевал. Неговото здравје е неговиот најголем предизвик. Сепак, тој не се жали затоа што сега го запознал Бога.

„Му благодарам на Бога за околностите во кои се наоѓам, иако тие се такви какви што се“, вели тој.

Образованието, вклучително и проучувањето на Библијата, е важен дел адвентистичкото сведочење и ширење на радосната вест за скорешното Христово доаѓање. Дел од вашите дарови на 13. сабота ќе помогне за изградба на училиште и центар за дневен престој на училишни деца во Романија. Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни дарови за ширење на Божјото дело.

Ендрју Мекчесни



# Го најдов Бога - изворот на убавината

РОМАНИЈА | 8 април 2023

**Виолета**

Како девојче, Виолета се плашела од Бога. Христијанството било забрането во тогашна комунистичка Романија, а со Виолета никој не зборувал за Бога, освен нејзината баба. Бабата немала ништо пријатно да каже за Бога.

„Ако згрешиш, Бог ќе те казни“, велела бабата. Виолета сфатила дека Бог е семоќен, сезнаен и ја казнува секоја грешка што ја прават луѓето.

Но, сликата за Бога на бабата била во целосна спротивност со убавината на природата што ја набљудувала Виолета додека растела. На пролет, таа можела да гледа како растат нови млади листови на дрвјата, а подоцна и вкусните плодови. Таа гледала како лисјата паѓаат наесен, а гранките останувале празни цела зима пред да се вратат во живот на пролет. Сфатила дека некој сигурно се грижи за дрвјата.

Била импресионирана и од песните на птиците. Мислела дека некој сигурно ги научил сите птици да црцорат со посебни тонови и мелодии.

Таа ги забележала разликите меѓу луѓето и животните, дека луѓето имаат способност да размислуваат, а животните не, и дека таа способност мора да потекнува од Некој кој ги создал луѓето да се разликуваат од животните. Затоа заклучила дека мора да постои добар Творец. Потоа се запрашала дали е можно Бог кој ја создал природата да се разликува од оној Бог што таа го познавала.

Како возрасна, Виолета одела во црква затоа што верувала дека Бог во спротивно ќе ја казни. Таа не сакала да пали свеќи и да бакнува идоли. Му служела на Бога од страв, а сфатила дека и сите околу неа служеле на Бога од страв. Не наоѓала никаква радост во црковните обреди, но не престанала да оди во црква. Секогаш се сеќавала на зборовите на нејзината баба: „Ако згрешиш, Бог ќе те казни“.

Кога дошла во своите 30 години, Виолета доживеала сообраќајна несреќа. Тој ден за прв пат не го ставила појасот. Додека автомобилот се превртувал, помислила дека ќе умре и извикала: „Боже, помогни ми!“

Автомобилот бил целосно искршен и вдлабнат, но таа се извлекла без гребнатинка. Бола шокирана. Покривот на автомобилот бил стуткан до седиштето на кое таа седела. Но, силата на ударот ја фрлила на задното седиште. Да го носела појасот, сигурно би умрела.

Додека ги гледала остатоците од автомобилот, една жена, која застанала да помогне и да ѝ укаже прва помош, изјавила: „Бог многу те сака! Не одложувај. Барај го и ќе го најдеш.“ Виолета слушала со неверување. Сфатила дека жената зборува за друг Бог, а не за оној лут и страшен Бог што таа го познава.

Тогаш почнала да го бара Бога одејќи во разни цркви. Така ја добила својата Библија. Таа сакала да го запознае Исуса.

Едно лето, додека била на одмор на Црното Море, забележала жена како продава книги на штанд на плажа. Видела сет од пет книги за Исуса и побарала да ги купи.

„Дали некогаш сте прочитале нешто од книгите на Елена Вајт?“ прашала продавачката.

Виолета потврдила дека никогаш не слушнала за таа писателка. Продавачката се изненадила кога Виолета ги купила сите пет книги од серијата „Космички конфликт“ иако претхоно не знаела ништо за писателката Елена Вајт.

„Дали може ли го добијав вашиот број на телефон за да ви се јавам подоцна?“ прашала жената, претставувајќи се како Јулија.

Кога дошла дома, Виолета веднаш ја прочитала „Копнежот на вековите“. Посакала да дознае уште повеќе за Исуса.

По кратко време, продавачката Јулија ѝ се јавила на Виолета и ја поканила да дојде на богослужение во адвентистичката црква. На Виолета ѝ се допаднало сѐ што видела

и слушнала во црква. Верниците го славеле Бога Создателот, Бог на убавината и љубовта, Бога кој ја создал природата и целиот жив свет.

Виолета му го предала своето срце на Бога на убавината и љубовта, Бог на Библијата и вистината, и се приклучила на адвентистичката црква.

Денес, таа одржува библиски часови запознавајќи ги другите со Бога на убавината и љубовта кого таа го запознала во Библијата. „Бог е нашиот семоќен Творец, но Тој нè сака", вели таа. „Тој е Бог кого копнеев да го запознаам уште кога бев дете. Тој е вистинскиот Бог - Бог на љубовта".

Образованието, вклучително и библиските часови, се важен дел од добрата вест што адвентистите ја споделуваат во светот. „Радосната вест за прекрасниот Творец полн со љубов, за милостивиот Спасител допре и до моето срце", изјавува Виолета.

Дел од даровите на 13. сабота ќе биде употребен за проширување на адвентистичкото образование со изградба училиште и центар за настава во Романија.

Ендрју Мекчесни

## Во врска со искуството

- На картата на Романија прикажете ги местата каде што ќе се употребат средствата за мисијата: Мојзеи (основното училиште)и Галаци (центар за дневен престој за вонаставни активности. Картата можете да преземете од нашата Facebook страница на bit.ly/fb-mq.

  Виолета е вклучена во работата на центарот за влијание Sola Scriptura, иницијатива во Романија во која членовите на црквата одржуваат библиски часови, здравствени семинари и други активности на повеќе од 50 локации низ земјата. Библиските часови преку овој центар го подготвиле патот за нејзиното крштевање.

- Преземете други фотографии на Facebook: bit.ly/fb-mq.

  Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интеревропската: bit.ly/eud-2023..

  Оваа мисионска сторија ги прикажува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 1 зборува за концептот на заживување на мисијата во светот и пожртвуваност во мисијата на тој начин што сите верници од црквата, а не само пасторите, ќе се вклучат во радосно сведочење за Христа. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали за живот исполнет со духот. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници во црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, и ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org

## Мисионски информации

- Во Трансилванија, во раните мисионерски активности, поради етничката разновидност на луѓето што живеат на таа територија, веста за Христовото доаѓање се проповедала на германски, унгарски и романски јазик.



# Уапсена на аеродром

ШПАНИЈА | 15 април 2023

Кармен



Два дена пред да се качи на еден меѓународен лет, Кармен клекнала покрај креветот за да побара заштита од Бога. Младата девојка, која штотуку излегла од своите тинејџерски години, немала навика да се моли.

Од за неа непознати причини, тој ден почувствувала потреба да му се помоли на Бога. Исполната со очај и безнадежност, го излавала своето срце пред Бога во молитва.

„Боже, те молам заштити ме, чувај ме и води ме“, се молела таа. „Ова го правам затоа што имам голема потреба. Те молам, не дозволувај полицијата да ме фати“.

Таа ноќ Кармен сонувала еден сон. Сонувала како полицијата ја уапсила и ѝ ставила лисици на рацете. Кога се разбудила, го отфрлила сонот како неважен.

Еден ден подоцна, се качила во авион на лет од Бразил до Шпанија. Кармен сета треперела додека траел долгиот 12-часовен лет. Била преплашена. Се сетила дека пред еден месец се обидела да се качи на летот, но работите не испаднале како што очекувала. Се сетила дека мајка ѝ многупати и велела: „Врати се кај Бога сега, додека има уште време.“ Се молела цело време додека траел летот.

„Те молам дај ми мир, заштити ме, смири го моето срце.“ Тогаш повторно барала од Бога заштита и водство.

„Те молам, исполни ја својата волја во мојот живот“, се молела таа.

По слетувањето во главниот град на Шпанија, Мадрид, Кармен му го дала пасошот на службеникот за имиграција и без никакви проблеми поминала низ пасошката контрола. Меѓутоа, додека го вадела куферот од делот за земање багаж, ѝ пристапил полицаец и ѝ рекол: „Ве молам, дојдете со мене“.

Кармен го следела полицаецот до една собата каде што ѝ било кажано дека нејзиниот куфер бил прегледан и дека во него било пронајдено нешто незаконско. Полицаецот ѝ ставил лисици на рацете и рекол дека е уапсена.

Таа веднаш се сетила на сонот. Тивко во себе побарала проштавање од Бога. Меѓутоа, не можела да направи ништо. Полицијата ја спроведела од аеродромот директно до притворската ќелија.

Судењето траело околу 4 месеци, а Кармен била осудена на шест години затвор.

Немала никој близок во Шпанија, ниту роднини ниту пријатели. Не познавала никого. Тогаш си го поставила себеси прашањето: „Зошто

ми се случува сево ова?“ Искуството низ кое минувала, било многу болно за неа.

Таа, како и другите затвореници, верувала дека е во затвор затоа што Бог ги казнува. Било тешко да се има надеж во такви околности.

Еден ден една од затвореничките ја повикала Кармен да ја проучува Библијата.

„Ни доаѓаат во посета некои добри луѓе од една црква. Ни нудат да ја проучуваме Библијата со нив, дојди и ти“, ја поканила затвореничката.

Кармен отишла да ја проучува Библијата и тука ги запознала Јулија и Санта, две жени адвентистки, кои редовно го посетувале овој затвор. Ова била прва средба на Кармен со адвентистите.

Кармен набрзо ги засакала овие две жени, бидејќи се чувствувала добредојдена и прифатена во нивно друштво. Се чувствувала дури и заштитена.

Додека заедно ја читале Библијата, Кармен почнала да го чувствува Божјото присуство во својот живот. Посебно сакала да ги чита зборовите од Псалмите: „Господ е Пастир мој, ништо нема да ми недостасува, Тој ме одмора на зелени пасишта и ме води на тихи води, ја закрепнува душата моја, ме води по патот на правдата заради името Свое. Кога би тргнал и по долината на смртната сенка, нема да се ис-

## Во врска со искуството

- Кармен е псевдоним, кој се користи за да се заштити нејзината приватност додека го гради новиот живот во Бога. Фотографијата што оди со приказната, ја прикажува раката на Кармен.
- Преземете други фотографии на Facebook: bit.ly/fb-mq.

Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Интеревропската дивизија: bit.ly/eud-2023.

Мисионската сторија ги пренесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали за живот исполнет со духот. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Целта на мисијата бр. 6 зборува за поголем пристап, задржување и учество на децата и младите во црковните активности и во духовниот раст. Целта бр. 7 вели „да им се помогне на тинејџерите и на младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да остават пример за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Френк Бонд и неговиот брат Валтер, од Калифорнија, доброволно се пријавиле да бидат пионери во црковното дело во Шпанија и летото 1903 година се населиле во Барселона, главниот град на Каталонија. Во октомври 1904 година, тие се преселиле во блискиот град Сабадел, каде што отвориле училиште. Во јуни таа година се крстиле првите три души.

плашам од злото, зашто Ти си со мене; Твојот жезол и Твојата палка ме успокојуваат“ (Псалм 23,1-4).

Кармен повеќе не се чувствувала сама. Надежта полека го исполнувала нејзиното срце.

Од моментот кога почнала да ја проучува Библијата, нејзиниот живот станувал сè подобар и подобар. Во затворот добила работа што ја засакала, а пред да сфати, била пуштена од затвор поради добро однесување. Таа излегла од затворот откако отслужила половина од казната.

„Сега сум слободна“, вели Кармен. „Животот ми се врати во нормала. Сега студирам затоа што сакам да си го променам животот. Пред сите обврски, сега најпрво се молам на Бога и го барам неговото водство“.

Кармен редовно оди во затворот и ги посетува своите пријатели, охрабрувајќи ги да се држат за Господа, бидејќи со Него сè е можно.

Таа е благодарна на Бога што отишла во затвор. Вели дека Бог ги слушнал нејзините молитви изговорени во страв за време на летот за Мадрид. Тој одговорил на нејзината молитва да ја исполни Неговата волја во нејзиниот живот, да Го запознае подобро и поцелосно.

„Се срамам од моите грешки и од многуте лоши работи што ги правев во животот, но сакам ова мое животно искуство да послужи како лекција за другите луѓе. Кога ќе го замолите Бога да ја изврши Неговата волја во вашиот живот, чекајте трпеливо, бидејќи Тој сигурно ќе ви одговори“.

Дел од даровите на 13-та сабота пред три години беа употребени за адвентистичкиот колеџ Сагунто во Шпанија, каде што студентите исто така одржуваат библиски часови меѓу затворениците.

Ви благодариме за мисионските дарови кои помагаат да се шири надежта во Христовото скорешно доаѓање.

Ендрју Мекчесни





# Сеење семе во Шпанија

ШПАНИЈА | 22 април 2023

Иван и Делија

Првата сабота помината во Шпанија, само Иван и Делија го славеле Бога во својот дом. Меѓутоа, оваа мисионска двојка била решена да го промени тоа.

Иван бил од Мексико, а Делија од Куба. Тие пристигнале во Шпанија една година порано, токму во време на пандемијата COVID-19, за да ги поддржат адвентистичките пастори во Барселона. Би-

дејќи земјата почнала повторно да се отвора откако била затворена поради пандемијата, од Иван и Делија било побарано да започнат со основање црква во градот Сеговија, кој се наоѓа на 90 минути возење од главниот град на Шпанија, Мадрид.

Таа прва сабота ја читале Библијата во својот дом. Иван свирел на гитара и пееле заедно. Иако биле сами, се надевале дека наскоро ќе им се придружи и некој друг. Го знаеле само името на една баба која покажала интерес за библиските проучувања.

Неколку дена подоцна, Делија стапила во контакт со бабата и тие две почнале да ја проучуваат Библијата.

Следната сабота не присуствувале само Иван и Делија на богослужението во нивниот дом. Ним им се придружила бабата и нејзиниот четиригодишен внук.

Следниот месец редовно одржувале библиски проучувања, а бројот на луѓе кои го слават Бога во сабота пораснал на пет. Бабата во оваа куќна црква ја довела својата снаа, мајката на четиригодишниот внук. Бабата била разочарана што таткото на момчето, Лукас, одбил да дојде.

Иван го побарал бројот на мобилниот на Лукас од бабата и му испратил порака: „Би сакале да ве поканиме вас и вашата сопруга на ручек“, напишал тој.

Неколку дена подоцна, двата брачни пара уживале во заедничкиот ручек и прошетката во блискиот парк. За време на прошетката Лукас спомнал дека наскоро ќе наполни 22 години.

Иван и Делија решиле да го изненадат Лукас и неговото семејство организирајќи роденденска забава. Делија испекла традиционална торта од три дела (млечна торта - кох) и ја премачкала со светло зелена глазура, ја украсила со црвени цветови и зелени листови.

Лукас бил мошне изненаден! Никогаш порано не прославил роденден. Делија се изненадила кога дознала дека ова му е прва роденденска забава.

На Лукас му се допаднала тортата и забавата што му ја приредиле. Бил многу среќен. Среќна била и неговата сопруга. И нивниот четиригодишен син и бабата уживале во забавата.

Потоа Лукас побарал да се придружи на групата за проучување на Библијата. Почнал да доаѓа во куќната црква во сабота. Бројот на души кои го слават Бога во сабота пораснал на шест: Иван, Делија, бабата, четиригодишниот внук, снаата и Лукас. Иван свирел на гитара и сите весело пееле. Бабата, Лукас и другите ги поканиле своите пријатели да дојдат и да уживаат во музиката – и тие одговориле на повикот. Потоа и дедото почнал да доаѓа за да ја слуша убавата музика.

За една и пол година, црквата во градот каде што немало верници адвентисти пораснал на 30 луѓе кои редовно се собирале во куќната црква во сабота. Осумнаесет души почнале да ги проучуваат основните библиски вистини, а шестмина се

крстиле. Во тек се планови изнајмување црковна зграда.

„Бараме зграда бидејќи бројот на луѓе продолжува да расте“, вели Иван. „Сакаме црквата да биде и центар на влијание преку кој ќе можеме да допреме до луѓето од локалното подрачје во текот на седмицата“, додава Делија.

Шпанија има многу градови и населени места каде што нема христијани адвентисти. Ви благодариме за даровите на 13-тата сабота што ги приложивте пред три години. Тие беа употребени за Адвентистичкиот колеџ во Сагунто со цел да се обучат што е можно повеќе луѓе да ја шират добрата вест за доаѓањето на Исус во оваа земја и пошироко.

## Во врска со искуството

- Знајте дека Лукас е псевдоним.
- Преземете други фотографии на Facebook: bit.ly/fb-mq.

Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Источноцентралната африканска дивизија: bit.ly/ecd-2023.

Мисионската сторија ги прикажува ставовите на христијанската адвентистичка црква . Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта на мисијата бр. 2 зборува за „зајакнување на адвентистичката активност во големите градови, меѓу изолираните групи и нехристијанските религии. Целта број 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на членовите на црквата кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Целта на духовен раст бр. 7 вели „да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да оставаат пример за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Адвентистичката христијанска црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org .

## Мисионски информации

- Во 1960-тите, Ангел Кодејон, претседател на црквата во Шпанија, започна да работи во областа на верската слобода. Како резултат на тоа, црквата добила дозвола да работи слободно и да одржува богослуженија. Со новиот устав на Шпанија, црквата добила целосна слобода во 1978 година. Младите луѓе повеќе не морале да се плашат дека ќе бидат уапсени затоа што сакаат да му бидат верни на Бога за време на воената служба.

Адвентистичкиот колеџ во Сагунто е основан во 1965 година во шпанската провинција Валенсија, на источниот брег на оваа земја. Сагунто обезбедува образование по теологија, шпански јазик, музика и уметност.

Ендрју Мекчесни



# Неочекувана реклама за извидници

ШПАНИЈА | 29 април 2023

**Лоида**

Светот на Лоида се распаднал во дванаесеттата година од животот кога нејзините родители се развеле. Тие биле адвентисти. Баба ѝ и дедо ѝ исто така биле адвентисти. Таа била воспитана како адвентистичко дете. Меѓутоа, кога нејзините родители се развеле, тие престанале да одат во адвентистичката црква, а нејзиниот татко набргу бил исклучен.

Лоида била вознемирена. Сметала дека црквата, која зборува за љубов, никогаш нема да го исклучи нејзиниот татко. Кога ги споделувала своите чувства со верниците, тие ѝ рекле дека нејзиниот татко згрешил. Во тоа време таа била верен припадник на извидничкиот одред и се подготвувала за крштевање.

Некои членови на црквата изразиле сомневање за нејзината подготвеност да се крсти, поради нејзините негативни мисли и коментари.

„Можеби треба да почекаш пред да ги добиеш одговорите на своите прашања“, рекол еден верник на црквата. Тогаш донела одлука да не се крсти, но во исто време престанала и да оди во црква.

Она што дополнително ја разочарало е тоа што никој не контактирал со неа кога ја напуштила црквата, ниту пасторот, ниту некој од верниците.

Сакала барем некој да ја праша дали е добро или да ја посоветува да продолжи да ја проучува Библијата и да се подготвува за крштевање. Меѓутоа, никој не ѝ се јавил.

Поминале триесет години. Во меѓувреме, Лоида се омажила, станала вдовица, а потоа повторно се омажила.

Еден ден, додека гледала на нејзиниот профил на социјалните мрежи, забележала реклама за извидничко кампување. Како поранешен извидник, таа сакала да дознае повеќе за тоа.

Се прашувала зошто оваа реклама се појавила токму на нејзиниот профил. Таа немала пријатели адвентисти ниту каква било врска со црквата на оваа социјална мрежа.

Во огласот било вклучено видео од претходното кампување. Плачела додека го гледала. Се сетила на времето кога одела во црква и на сите извиднички активности. Почувствувала силна желба повторно да воспостави заедница со Бога.

Додека барала дополнителни информации за Адвентистичката црква на интернет, дознала дека црквата има бројни програми преку интернет, вклучувајќи и емитувања на

цели богослуженија. Таа поминала цела седмица гледајќи проповеди, молитвени богослуженија и други настани. И на својата осумгодишна ќерка Валерија таа ѝ покажала неколку видеоклипови.

„Порано одев во таа црква“, ѝ рекла на својата ќерка. Валерија била заинтересирана за клиповите од извидничкото кампување.

„Мамо, зошто не одиш повеќе во црква?“, прашало девојчето. Лоида сфатила дека нема одговор на тоа прашање.

„Навистина не знам“, одговорила таа. Кога како дете престанала да оди во црква, верувала дека има многу причини за тоа. Меѓутоа, како возрасна, увидела дека нема добра причина за тоа.

Валерија побарала да оди на извидничкиот состанок. Отпрвин, Лоида не можела да се сети со кого би можела да контактира во врска со извидничките активности. Но одеднаш се сетила на една стара пријателка од црквата. Оваа жена ѝ помогнала на Лоида и на нејзината ќерка да отидат на кампувањето за извидници што го виделе како реклама на социјалните мрежи.

Ова било прекрасно искуство. Најдобриот дел од сето ова ново искуство било тоа што нејзината ќерка многу

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интеревропската дивизија: bit.ly/eud-2023.

Мисионската сторија ги пренесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали за живот исполнет со духот. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Целта на мисијата бр. 6 зборува за поголем пристап, задржување и учество на децата и младите во црковните активности и во духовниот раст. Целта бр. 7 вели „да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да остават пример за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Повеќе од 570 милиони луѓе во светот зборуваат шпански, кој е втор најраспространет јазик во светот по кинескиот. Во дваесет и една земја официјално се зборува на шпански.

Фердинанд Магелан ја напуштил Севиља во 1519 година и како водач на експедицијата се упатил кон американскиот континент. Тој бил Португалец. Првиот Шпанец кој ја завршил експедицијата започната во 1522 година бил Хуан Себастијан Елкано.

Во шпанските традиционални приказни, кои биле пренесувани усно, се зборува за еден глушец по име Ратонсито Перез. Писателот Луис Колома ги собрал и ги пренел овие раскази во збирка анегдоти, која ја претставил подоцна, во 1894 г. пред кралот Алфонсо XIII.

добро и брзо се вклопила со другите деца. И двете решиле да ги проучуваат основните библиски вистини со некој од црквата. Две години подоцна, Лоида му го предала своето срце на Исуса со крштевање. Била пресреќна!

Денес Валерија ги проучува библиските вистини со надеж дека еден ден ќе се крсти.

Лоида има свои соништа. Таа и Валерија живеат во мало градче со неколку адвентисти. Сега таа има желба да се пресели во друг дел на Шпанија, во Сагунто, каде што живеат поголем број адвентисти и каде што може да биде вклучена во црковните активности, а каде што нејзината ќерка ќе може да оди во адвентистичко училиште.

Лоида е пресреќна што на нејзиниот профил на социјалните мрежи се појавила рекламата на извидничкиот камп. „Триесет години чувствував празнина, како нешто да ми недостасуваше во животот. Сега, кога се вратив во црква и кај Бога, мојот живот е исполнет“.

Дел од даровите на 13-тата сабота пред три години беа употребени за средното адвентистичко училиште Сагунто.

Ви благодариме што планирате да издвоите и да приложите мисионски средства кои ќе бидат употребени за Христовата љубов и надежта во Неговото скоро доаѓање да се објавуваат низ целиот свет.

Ендрју Мекчесни




# Човекот со Библија

ШПАНИЈА | 6 мај 2023

**Ремус**

Ремус е познат како „Човекот со Библијата“. Тој бил медицински техничар, а неговата сопруга била архитект. Тие воделе многу убав живот во Франција. Изгледало како да имаат сè што им треба за да бидат среќни. Сепак, нешто недостасувало.

Ремус копнеел да ја спроведе во својот живот Исусовата молитва упатена до Отецот: „Јас Те прославив на Земјата; го извршив делото, што си ми го дал да го извршам“ (Јован 17,4).

Тој сакал да го прослави Бога во својот живот, но на кој начин?

Размислувал дали неговата мисија треба да биде слична на онаа на Исус, за која зборувал во синагогата: „Господовиот Дух е на Мене, зашто Ме помаза и Ме испрати да им проповедам на бедните; да ги исцелам скрушените по срце, да им навестам на заробениците, дека ќе бидат пуштени, на слепите дека ќе прогледаат; да ги пуштам на слобода напатените; и да ја навестам благопријатната Господова година“ (Лука 4,18,19).

Ремус го прочитал Исусовиот налог упатен до учениците: „Така одејќи, направете ги сите народи Мои ученици, крштавајќи ги во името на Отецот и Синот и Светиот Дух! Учејќи ги да пазат сѐ што Сум ви заповедал! И еве, Јас Сум со вас во сите дни до свршетокот на светот. Амин!“ (Матеј 28,19.20).

А потоа прочитал во една книга на Елена Вајт: „Активната работа, добро водена, претставува мисионско дело од највисок ред“.

Решил да стане литературен евангелист. Тој сакал да стане некој кој, според неговите зборови, се обидува да им продава книги на луѓе кои не сакаат да ги купат.

Ремус се преселил со своето семејство во Галиција, секуларна област во Шпанија. Меѓу 3 милиони луѓе кои живеат таму, има само околу 500 христијани адвентисти кои одат во 5 цркви.

Почнал да продава Библии и други духовни книги на отворени пазари каде што луѓето купувале земјоделски производи, облека, играчки, книги и други работи. Додека тој така продавал книги на штандот, луѓето почнале да го нарекуваат „Човекот со Библијата“.

На еден пазар видел човек кој како него продава книги. Му пристапил и почнале да разговараат.

По неколку средби со човекот, одлучил да стави неколку книги на Ремус на својот штанд и да ги продава. Во знак на благодарност, Ремус му дал на човекот Библија. Уживал да ја чита дома и набрзо побарал од Ремус да ја проучуваат заедно. По неколку месеци, тој му го предал своето срце на Исуса. Денес овој човек им сведочи на својата ќерка, сестра и мајка и ги повикува да го прифатат Исуса за свој Спасител.

Тој и Ремус станале добри пријатели и, кога и да се сретнат, еден со друг се нарекуваат „Човекот со Библијата“.

Во една прилика, некој човек го видел Ремус како носи Библии. Го запрел и прашал: „Дали се овие книги Библии?“

„Да, продавам Библии и друга духовна литература“, одговорил Ремус.

„Колку чини една Библија?“, праша тој.

„Десет евра.“ гласел одговорот.

„Дајте ми една, ве молам, ќе ја купам“.

Ремус не морал ништо да прави ниту да каже ништо дополнително. Бог е тој што ја продал Библијата на овој човек.

Во друга пригода, една жена буквално скокала од радост кога видела дека Ремус продава Библии.

„Му се молев на Бога за Библија“, извикала таа, бакнувајќи ја својата нова Библија. „Ова е Божјиот одговор на моите молитви“, рекла восхитено.

Во друга прилика, Ремус отишол во друг град (оддалечен 120 километри) на панаѓур. На негова радост, тој ден продал многу книги. Меѓутоа, кога дошла вечерта, сфатил дека не продал доволно книги за да ги покрие трошоците за гориво.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги мисионските постови и брзи факти од Интеревропската дивизија: bit.ly/eud-2023.

Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот за заживување на мисијата во светот и пожртвуваност во мисијата како начин на живот кој не ги вклучува само пасторите, туку сите верници на црквата, млади и стари, во радосно сведочење за Христа и создавање ученици. Целта бр. 2 зборува за зајакнување на пристапот на мисионските активности во големите градови преку прозорецот 10/40, како и меѓу нехристијанските религии. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали за живот исполнет со духот. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе информации за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Шпанија го добила името по Феникијците кои дошле на тоа подрачје во 8 век пр. н.е., и ја нарекле *Span* што значело „Скриена земја“.

Ресторанот *Ботин*, отворен во Мадрид во 1725 година, е најстариот ресторан во светот.

Размислувал дали саемот вреди толку труд и пари, но тогаш еден постар човек му пристапил на штандот и го прашал: „Имате ли Библија за продажба?“ Човекот сакал да дознае дали Исус навистина ги сака луѓето, вклучувајќи го и него.

Ремус радосно му зборувал за Исуса и за Неговата љубов. Со солзи во очите, човекот го слушал и се восхитувал на Исусовата љубов. Овој човек потоа купил Библија во голем формат.

Навистина, никогаш не е доцна да се запознае Исус. Запознавањето со овој постар човек и сведочењето за Исусовата љубов вредело далеку повеќе од трошоците за патувањето и доаѓањето на овој саем. Ремус се надева дека ќе го сретне овој човек повторно еден ден на небото. Тој е задоволен што во Шпанија може на овој начин да му служи на Бога.

„Многу луѓе го бараат Лебот на животот. Можеме да им помогнеме така што ќе им ја дадеме Божјата Реч.

Има многу места во Шпанија каде што нема верници адвентисти. Благодарение на вашиот дарот на 13-тата сабота пред три години, адвентистичкиот колеџ во Сагунто можел да ги отвори своите врати за луѓето кои сакаат да се обучат за ширење на радосната вест за скорешното Исусовото доаѓање. Ви благодариме што сакате великодушно да издвоите и да приложите средства за Божјото дело.

Ендрју Мекчесни

# Храбар план за бегство

ИТАЛИЈА | 13 мај 2023

**Џорџо**



Џорџо се раководел од еден план за кој сметал дека е совршен, имајќи ја пред себе желбата да избега од тогашната комунистичка Романија.

Видел дека некои луѓе успеваат да се качат на воз во романската престолнина Букурешт и да отпатуваат од затворената земја до главниот град на Франција, Париз.

Забележал дека меѓу таванот и покривот на вагоните на патничките воз има празен простор. Имало доволно простор за помлад човек да се скрие таму.

Тој не можел да се качи на воз без билет, но секој воз за Париз застанувал неколку минути по напуштањето на железничката станица. Имал доволно време да истрча на пругата, да се качи во некој вагон и да се обиде да се протне во споменатиот простор. Било забрането да се бега од Романија. Кога властите би го фатиле, веднаш би одел во затвор. Ова се случило во 1982 година. Тој тогаш имал 20 години и копнеел по нов живот.

Тој се сметал себеси за првиот што ја смислил оваа идеја за бегство. Сепак, не било така. Чуварите го спречиле неговиот обид за бегство и го фатиле. Надлежните го испрашувале две недели. Тие верувале дека тој е антикомунист и дека сака да им открие одредени тајни на странски служби. Бил испратен во притвор додека го чекал судењето.

Џорџо бил атеист и не верувал во Бога. Иако ја отфрлил преовладувачката идеологија, властите го убедиле дека е подобро да биде атеист отколку христијанин. Тој верувал дека само глупавите луѓе веруваат во Бога.

Додека бил во притвор, Џорџо за прв пат запознал христијанин адвентист, млад човек на негова возраст. Тој бил приведен затоа што одбивал да работи во сабота за време на воениот рок. Џорџо забележал дека овој млад човек се однесува поинаку од другите во затворот. Му изгледал како добар човек. Почнале да разговараат. Ѓорѓе се изненадил кога сфатил дека младиот човек не бил глупав, иако верувал во Господа.

Младиот адвентист му кажал за Библијата, која тогаш била забранета во Романија.

Џорџо бил љубопитен да дознае повеќе за тоа, и решил да најде Библија кога ќе го пуштат од притвор. Неколку часа по донесувањето на оваа одлука, тој бил изведен на суд за да биде осуден за обид за бегство.

Бил свесен дека се соочува со строга казна, која имала за цел да ги обесхрабри другите да се обидат да направат нешто слично.

## Во врска со искуството

Охрабрете ги слушателите да ги споделат своите лични искуства и сведоштва за тоа како Божјата моќ ги менува животите.

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интеревропската дивизија: bit.ly/eud-2023.

Оваа мисионска сторија ги пренесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали за живот исполнет со духот. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата и ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Целта на мисијата бр. 6 зборува за поголем пристап, задржување и учество на децата и младите во црковните активности и во духовниот раст. Целта бр. 7 вели „да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да оставаат пример за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Италија е првата држава во Европа каде што се проповедале адвентистичките доктрини. Михаел Белина Чеховски, поранешен полски католички свештеник, почнал да ја шири адвентната вест во 1864 година.

Меѓутоа, судот донел неочекувана одлука. Веднаш ќе бидете ослободени“, рекол судијата.

Со тоа не се согласил државниот обвинител. „Тој направи злосторство против државата“, изјавил тој.

Не реагирајќи на зборовите на обвинителот, судијата се свртел кон полицаецот што го придружувал Џорџо до судот и му рекол: „Кога можете да го ослободите?“

„Тој ќе биде ослободен утре“, рекол службеникот.

Додека го враќале во притвор, полицаец му рекол: „Мора да имаш некој на висока позиција“.

Додека размислувал за тие зборови, сфатил дека можеби некој на небото му помага.

Џорџо не беше пуштен ниту следниот ден, а ниту ден потоа. Шестиот ден, неговиот пријател адвентист прашал: „Дали си сигурен дека судијата навистина рече веднаш да бидеш ослободен?“

Во тој момент се сетил на својата одлука да ја побара Библијата по неговото ослободување. Ре шил да ја проучува Библијата дури и во притвор со помош на својот пријател адвентист. Додека му кажувал на другарот за својата одлука, дошол чуварот и рекол: „Утре си ослободен од својата работа, ќе мораш да останеш во ќелијата затоа што ќе бидеш пуштен од притвор“.

Џорџо го одржал зборот што му го дал на Бога. Ја пронашол адвентистичка црква и почнал да оди на богослужение секоја сабота. Неговиот живот се променил. Повеќе не сакал да избега од Романија. Тој нашол

нешто многу позначајно – слобода во Исуса. Бил пресреќен.

Тој денес живее во Италија и е верен член на Романската адвентистичка црква во Рим. Тој и неговата сопруга имаат три деца и осум внуци. Ја напуштил Романија по падот на комунизмот.

Џорџо и денеска не може да објасни зошто судијата го пуштил да си оди. Тој е убеден дека Бог интервенирал во негова корист.

Џорџо останал во контакт со адвентистот познаник од притворот, кој сега е сопственик на градежна компанија. Бидејќи одбил да се откаже од саботата, овој адвентист бил осуден на две години затвор. Сепак, тој бил ослободен со одлука на претседателот два месеца по ослободувањето на Џорџо.

Ова извонредно искуство со Бога придонело за огромна промена во неговиот живот. Сега сака да ги слуша искуствата и на другите верници.

„Сакам да ги поканувам луѓето во нашиот дом и да ги слушам нивните животни искуства. Никогаш не знаете какви приказни се кријат во нивниот живот“.

Ви благодариме за саботношколските мисионски дарови кои помагаат да се проповеда радосната вест за слободата во Исуса и во Италија, и во Романија и низ целата Интерeвропска дивизија, која ќе добие дел од даровите на 13-та сабота од ова тримесечје.

Ендрју Мекчесни





# Од Лос Анџелес до Рим

ИТАЛИЈА | 20 мај 2023

**Мелани**

Мелани дипломирала на Универзитетот во Лос Анџелес. Сакала да патува и да присуствува на забави.

Таа била во Рим кога добила телефонски повик во кој ѝ кажале дека нејзиниот помлад брат Ренди починал на дваесетгодишна возраст. Тој бил најмладиот од петте деца во семејството. Мелани и Ренди биле многу блиски. Неговото тело било пронајдено како лебди во базенот во 5 часот наутро. Форензичарите веруваат дека тој добил срцев удар, поради што паднал во базенот. Немало траги на насилство.

Со скршено срце, Мелани се вратила дома во Лос Анџелес за да побара одговор. Зошто умре Ренди? Размислувала за смртта и што се случува кога луѓето умираат. Таа си поставувала прашања за смислата на животот.

Наскоро повторно одела на забави, обидувајќи се да избега од болката.

Една од нејзините сестри, која сакала да стане актерка, ја поканила да оди на часови по глума. „Тоа е добар начин да се опуштиш и да се справиш со својата болка“, ѝ рекла сестра ѝ. Мелани почнала да зема часови по глума и да добива помали улоги. Започнала врска со Италијанец и со него се преселила во Италија. Две и пол години подоцна раскинале. Мелани се вратила на претходниот живот и ја продолжила кариерата како актерка во Рим.

Меѓутоа, таа се чувствувала празно. Не била сигурна која е смислата на нејзиниот живот. Почнала да размислува за духовните сили и за прашањето кој владее со светот. Гледајќи дека на светот има многу зло, таа побарала одговор на своите прашања во окултните појави.

Еден ден нашла клип на Јутјуб за Даниел и за библиските пророштва. Заинтригирано ја отворила својата Библија за да види дали говорникот ја кажува вистината. Побарала историски факти за Вавилон, Медо-Персија, за царството на Александар Македонски и Рим.

Сѐ се поклопило со она што го слушала во видеоклипот.

„Сето тоа е вистина“, си шепнала таа во себе. Потоа паднала на колена плачејќи. Се чувствувала како да не припаѓа на овој свет, туку на некој друг. Таа му го предала своето срце на Исуса.

„Презаситена сум од забави, дрога и алкохол. Тоа не ме исполнува и не можам повеќе да живеам вака. Или ќе променам нешто во мојот живот или ќе умрам ако продолжам вака. Не можам повеќе да го правам ова“, се молела таа на Бога.

Мелани продолжила да гледа и други клипови од овој говорник на YouTube. Таа дознала дека тој е христијанин адвентист. Потоа ги споредувала неговите предавања со она што е напишано во Библијата. Почнала редовно да ја чита Библијата и да го празнува седмиот ден, сабота, во својот дом.

По две години почувствувала голема потреба да го слави Бога во црква во сабота.

Преку Интернет пронашла информации за најблиската адвентистичка црква, а првата сабота наредниот ден отишла на богослужение. Кога влегла во црквата, на првата личност на која наишла ѝ кажала дека сака да се крсти. „Здраво“, рекла таа. „Сакам да се крстам“.

Постариот човек, чуварот на влезот, бил изненаден. Таа му објаснила дека ја читала Библијата две години и дека ги следи нејзините учења. „Подготвена сум да се крстам“, рекла таа.

Нејзиниот живот не се променил преку ноќ по нејзиното крштевање. Мелани сѐ уште одела на забави и се обидувала да го вклопи својот нов живот во стариот. Меѓутоа, работите што ги сакала, станале здодевни. А работите за кои некогаш мислела дека се здодевни, сега станале интересни и привлечни. Таа минувала низ процесот на посветување.

Влијанието на Светиот Дух во нејзиниот живот растело.

„Има многу работи кои не се добри во мојот живот, но Тој работи во мене“.

Денес, Мелани знае дека смртта е последица на гревот: „Зашто смртта е плата за грев, но благодатниот Божји дар е - вечен живот во Христа Исуса, нашиот Господ“ (Римјаните 6,23).

Таа знае дека кога луѓето ќе умрат, тие спијат во гробот додека не дојде Исус повторно. „Ова, пак, ви го велиме преку словото Господово, дека ние, живите, што ќе останеме до доаѓањето на Господ, нема да стигнеме пред упокоените. Бидејќи Сам Господ по заповед, на гласот на архангел и при труба Божја, ќе слезе од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите; а потоа, ние, што сме останале живи, заедно со нив ќе бидеме грабнати на облаците, за да се сретнеме со Господ во воздухот, и така секогаш ќе бидеме со Господ“ (1. Солуњаните 4,15-17).

Таа вели дека ја нашла смислата на животот, а тоа е да им сведочи на другите луѓе за Исусовата љубов и за Неговото скорешно доаѓање. „Разумните ќе блескаат како сјајниот небесен свод, и кои ги учеа мнозината на праведност, како ѕвезди довека, во сета вечност“ (Даниел 12,3).

Мелани дели црковни трактати и здравствени списанија во автобусите и ресторантите во Рим. Таа остава брошури за црквата и адвентистичкото радио во спортските сали. Се радува на скорото Христово доаѓање, кога повторно ќе го види својот брат Ренди.

„Кога ќе дојде Исус Се надевам дека повторно ќе го видам мојот помал брат.“

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Интеревропската дивизија: bit.ly/eud-2023.

Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 е заживување на концептот на мисијата во светот и жртвување за мисијата на тој начин што сите верници од црквата, а не само пасторите, ќе се вклучат во радосно сведочење за Христа. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници  кои ќе учествуваат и во личните и во јавните евангелски иницијативи со цел тотална вклученост на сите верници. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали за живот исполнет со духот. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе информации за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Постои легенда која вели: „Фрли паричка во Фонтаната Треви и ќе се вратиш во Рим“. Туристите дневно во фонтаната оставаат околу 3.000 евра, што е приближно 1 милион евра на годишно ниво. Сите тие пари се користат за хуманитарни цели.

Ви благодариме за вашите саботношколски мисионски дарови, кои помагаат да се шири добрата вест во Италија и насекаде низ Интеревропската дивизија за скорешното доаѓање на Исуса Христа. Оваа дивизија ќе добие средства од дарот на 13-тата сабота од ова тримесечје.

Ендрју Мекчесни



# Затвореникот со радио

ПОРТУГАЛИЈА | 27 мај 2023

**Ана**

Некој му дал на Пауло мал радиоприемник додека издржувал затворска казна во Португалија. Радиото било единственото нешто кон кое Пауло, високообразован научник, можел да ги пренасочи своите мисли. Меѓутоа, единствената френквениција што можел да ја најде била адвентистичката радиостаница. Бидејќи опсегот бил слаб, тој морал да застане на одредено место покрај прозорецот за да може да ја слуша радиопрограмата.

Еден ден, радиоводителот објавил дека слушателите можат бесплатно да ја добијат книгата на Елена Вајт, *Копнежот на вековите*. Пауло се јавил во радиостаницата и набргу ја добил книгата по пошта.

По некое време бил префрлен во друг затвор, но не бил среќен поради тоа. Меѓутоа, се покажало дека новиот затвор е поблиску до радиостаницата на адвентистите и затоа сигналот бил посилен.

Пауло испратил опширно писмо до уредникот на радиопрограмата во кое опишал зошто е во затвор и како го запознал адвентизмот преку нивната радиопрограма.

„Мојот живот се менува од ден на ден од она што го учам слушајќи ги радио емисиите“, напишал тој.

Уредникот на програмата бил зачуден што Пауло можел да ги слуша нивните преноси од затвор. Тој, кој живеел во близина на затворот, не успевал да го фати радиосигналот.

Кога се појавила пандемијата на вирусот „Ковид-19“, радиостаницата го додала преносот од саботното богослужение во својата програма, а Пауло почнал да ги слуша проповедите. За време на една проповед, пасторот ги повикал луѓето да ги проучуваат основните вистини на Библијата, а Пауло го сторил тоа. Почнал да ја проучува Библијата преку ДБШ, допишувајќи се со Ана, која доброволно одговарала во име на Дописната библиска школа.

Како научник, тој бил љубопитен и подготвен да учи нови работи. Поставувал многу прашања. Кога го завршил курсот на Дописната библиска школа, побарал да се крсти. Меѓутоа, ограничувањата

поради Ковид и бирократијата го спречиле во тоа.

Потоа почнал да ја проучува книгата Откровение заедно со Ана. По завршувањето, тие почнале да проучуваат материјал што ги споредувал списите на Елена Вајт со текстовите на Библијата.

Како што продолжувале проучувањата, Ана се трудела да го направи Пауло што е можно посамостоен во поглед на проучувањето на Библијата.

„Сакам да го охрабрам да продолжи сам да ја проучува Библијата“, изјавува таа.

Пауло побарал таа да ја проучува Библијата со уште неколку затвореници. Ана била среќна што можела да ги поучува другите луѓе, но сакала да го вклучи Пауло што е можно повеќе, па го храбрела тој самостојно да ги поучува другите.

„Сакам тој да биде канал што ќе ги пренесува спасоносните вистини на другите во своето окружување, таму каде што не можеме да допреме.“

И на адвентистите им е тешко да допрат до луѓето во португалските затвори.

Пауло сметал дека не ја познава доволно Библијата за да ги поучува другите за Исуса. Тој, исто така, мислел дека му недостасува морална цврстина за да се постави како авторитет над другите.

Меѓутоа, Ана продолжила да го храбри. Почнал да ги држи основните библиски вистини на еден свој пријател во затворот. За време на состанокот со психолог (во Португалија затворениците имаат можност да побараат совет и да разговараат со затворски психолог), кој е атеист, Пауло се впушта во длабоки разговори за смислата на животот.

Во текот на еден разговор, психологот го прашал Пауло: „Како ти, како научник, веруваш во нешто што науката не може да го докаже?“ Сè што е напишано во таа книга (Библијата) е бајка“.

## Во врска со искуството

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги мисионските информации и брзи факти од Интеревропската дивизија: bit.ly/eud-2023.

Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 е заживување на концептот на мисијата во светот и жртвување за мисијата на тој начин што сите верници од црквата, а не само пасторите, ќе се вклучат во радосно сведочење за Христа. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници кои ќе учествуваат и во личните и во јавните евангелски иницијативи со цел тотална вклученост на сите верници. Дознајте повеќе информации за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Стивен Хаскел (1833-1922) бил првиот проповедник адвентист во Португалија. Обиколувајќи ја Европа во 1889/90 година, и барајќи соодветно место за основање на адвентистичка мисионска станица, тој пристигнал во Португалија. Хаскел бил импресиониран од градот Лисабон, а особено од степенот на верска слобода гарантирана од уставната монархија.

Овие психолошки работилници се претвориле во дискусии за Бога и верата. Пауло чувствува дека Светиот Дух го води во текот на разговорот, бидејќи често кажува нешто што потсвесно го знае, но не планирал да го каже. За време на еден разговор, тој го предизвикал психологот да ја прочита книгата *Големата борба*, и тој прифатил.

Пауло и напишал на Ана дека животот во затворот не е лесен. Тој сака да го промени начинот на исхрана и да се крсти, но затворските ограничувања го отежнуваат во тоа. Сепак, тој е благодарен што може да биде во затвор и верува дека тоа му помогнало да го запознае Исуса. „Кога ќе погледнам наназад на мојот живот, можам да видам дека сè што се случи доведе до средба со Бога и промени во мојот живот.

Ана вели дека Пауло е во затвор бидејќи донел погрешни одлуки во животот. Тој не е невин. „Сепак, сметам дека тој може да биде Божји претставник на тоа место, иако сè уште не е целосно свесен за тоа."

Образованието, вклучувајќи го и проучувањето на Библијата со затворениците, е важен дел од мисионското дело што го прави црквата во Португалија за да ја шири радосната вест за скорешното Христово доаѓање.

Дел од даровите на 13-та сабота од ова тримесечје ќе бидат наменети за изградба на основно училиште во Сетубал.

Ви благодариме што планирате великодушно да издвоите и да ги приложите своите дарови за ширење на Божјото дело.

Ендрју Мекчесни



# Фатен во стапицата на алкохолизмот

ПОРТУГАЛИЈА | 3 јуни 2023

**Габриел**

Габриел сакал да пие. Со текот на времето тој пиел сè повеќе и повеќе, а неговата сопруга Луиза се плашела дека тој ќе стане алкохоличар. Таа се молела да се ослободи од тој порок. Сакала да го заштити од самиот него, но да го заштити и нивниот мал син Жорге.

Потоа, додека живееле на португалскиот остров Мадеира, во нивниот живот се случиле низа необични настани. Островот се наоѓа на час и половина лет со авион од Лисабон.

Жорге имал 4 години и одел во градинка. Но, по неколку дена поминати во државната градинка, тој повеќе не сакал да оди.

Плачел кога некој од родителите ќе го одведел да го остави во градинка.

Луиза не знаела што да прави. Габриел не знаел што да прави, па решението го барал во пијалакот.

Неколку дена подоцна, тие се упатиле кон Фуншал, најголемиот град на островот, за да завршат некои работи. Додека поминувала низ улиците, Луиза забележала едно убаво мало училиште со железна врата опкружено со ограда.

„Види“, му рекла таа на Габриел. „Да видиме, можеби ќе го примат Жорге.“

Во истиот момент Жорге извикал: „Ми се допаѓа ова училиште“.

Гледајќи ги децата како си играат во дворот, тој рекол: „Не сакам да одам во другото училиште“.

Ги погледнал татко си и мајка си со израз на цврста решеност на неговото мало лице. Скокајќи, тој уште еднаш повторил дека не сака да оди во другото училиште.

Така, Жорге бил запишан во адвентистичка градинка. Од првиот ден го засакал ова мало училиште и не плачел барајќи да си оди дома.

Камен паднал од срцето на Луиза. На Габриел му било полесно, но сепак продолжил да посегнува по пијалокот.

## Во врска со искуството

Покажете го островот Мадеира на картата на Европа.

Прочитајте следната седмица како адвентистичкото образование го променило животот на уште еден член од семејството на Габриел и Луиза, бабата.

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интеревропската дивизија: bit.ly/eud-2023.

Мисионската сторија ги пренесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали за живот исполнет со духот. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Целта на духовен раст бр. 7 вели „да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да оставаат пример за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Мисионски информации

- Основната храна во Португалија вклучува риба, зеленчук и овошје. Едно од попознатите национални јадења е бакалхау (сушен бакалар), кој обично се служи со компири и зелен зеленчук, а понекогаш и со грав.

Лисабон бил погоден од разорен земјотрес, а потоа и пожар во 1755 година. Загинале 275 илјади луѓе, а уништени биле 85% од куќите.

Подводниот кањон на португалскиот брег создава некои од најголемите бранови во светот. Во 2011 година, хавајскиот сурфер Герет Мекнамара го соборил светскиот рекорд сурфајќи на бран висок 24 метри.

Луиза постојано се молела Габриел да престане да пие.

По некое време, воспитувачката ја поканила Луиза на молитвен состанок во среда, на катот над училиштето. Луиза отишла со синот и тоа многу ѝ се допаднало. Се чувствувала како небото да се спуштило на земјата. Тие двајца повторно дошле и следната среда, па и онаа следна среда.

Тогаш Габриел почнал да оди со нив на молитвените состаноци. Додека бил таму, почувствувал потреба да престане да пие. Тој копнеел за мир. Сакал да го остави своето минато зад себе. Сепак, се чувствувал како фатен во стапица.

Еден ден, член на црквата го поканило семејството на патување. Габриел за прв пат во животот јадел здрава храна и не пиел алкохол по оброкот. Никогаш претходно не пробал такви јадења. Помислил дека би било добро да се храни така.

Наскоро Габриел и Луиза се придружиле на една мала група за проучување на Библијата. На големо изненадување, додека ја проучувал Библијата, ја изгубил желбата за алкохол. Бил опкружен со луѓе кои не пијат. Таквото опкружување многу се разликувало од неговото деловно опкружување, каде што сите консумирале алкохол.

Неговото срце било трогнато кога прочитал стих од Библијата: „Или не знаете дека вашето тело е храм на Светиот Дух, Кој е во вас, Кого го имате од Бога, па не си припаѓате само на себеси?" (1. Коринќаните 6,19)

Како што поминувал повеќе време со луѓе што не пиеле, ја губел желбата за алкохол.

Луиза била пресреќна што донел одлука да престане да пие. Бог одговорил на нејзините молитви.

Габриел и Луиза му го предале своето срце на Исуса и се крстиле. Денес тој е старешина на црквата, а таа е ѓаконка која помага во детското одделение.

И денес не разбираат зошто Жорге плачел во државната градинка, а се радувал во адвентистичката. Сепак, едно е јасно. Благодарение на престојот на Жорге во оваа адвентистичка институција, животот на целото семејство целосно се променил.

„Жалам што не сум слушнал за Адвентистичката црква порано. Се покажа дека таа е голем благослов за моето семејство и за мене лично".

Образованието е важна работа преку која Христијанската адвентистичка црква во Португалија ја шири радосната вест за Христовото скорешно доаѓање.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат наменети за изградба на основно училиште во Сетубал. Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства и да придонесете за ширење на Божјото дело.

Ендрју Мекчесни



# Повторно крстена

ПОРТУГАЛИЈА | 10 јуни 2023

Саломе

Саломе била крстена како бебе, но не ги следела доктрините на црквата на нејзините родители. Ѝ се чинело дека црковните учења не се сосема правилни.

Како што растела Саломе, престанала да оди во црква. Меѓутоа, таа и понатаму верувала во Бога и го барала неговото водство.

Саломе почнала повеќе да размислува за Бога кога нејзиниот четиригодишен внук Жорге бил запишан во адвентистичка градинка на португалскиот остров Мадеира.

Семејството не планирало да го запише Жорге во адвентистичка градинка. Мајката на момчето прво го однела во државната градинка. Момчето плачело секогаш кога мајка му го оставала во градинката.

Никој не можел да разбере зошто плаче. Неговите родители не знаеле што да прават.

Потоа, во една прилика, отпатувале во Фуншал, најголемиот град на островот, за да завршат некоја работа. Додека поминувале низ улиците, забележале преубава зграда на една градинка. Тие влегле низ големата капија за да ја разгледаат градинката одблизу. Штом зачекориле во дворот на градинката, Жорге извикал: „Ми се допаѓа ова училиште!"

Кога видел други деца како си играат во дворот, рекол: „Не сакам да одам во другото училиште." Бил решен да го запишат во ова мало училиште.

Воспитачите набрзо ја запознале Саломе, бидејќи првите два месеца го носела внукот. Нејзе ѝ се допаднала оваа градинка, а особено воспитачките. Јасно било дека и на нејзиниот внук му се допаѓа оваа градинка, бидејќи не плачел кога баба му го оставала, ниту пак барал да си оди дома.

Пасторот на адвентистичката црква, чиишто членови се состанувале на катот од оваа градинка, ја поканил Саломе да се придружи на групата за проучување на Библијата.

„Можам да ја проучувам Библијата со вас, но не сакам повторно да се крстам и некој повторно да ми ја посипува главата со вода".

Меѓутоа, таа сепак не присуствувала на библиски проучувања.

По некое време, Жорге и неговите родители почнале секоја среда да одат на молитвените состаноци што се одржувале во црквата над градинката. Наскоро почнале и да ја проучуваат и Библијата. Гледајќи ја нивната заинтересираност за библиските проучувања, Саломе се согласила да им се придружи, но нагласила дека не сака повторно да се крсти. „Се крстив венаш по раѓањето. „Нема потреба повторно да се крстам", рекла таа.

## Во врска со искуството

Покажете го островот Мадеира на картата на Европа.

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).

Преземете ги мисионските објави и брзи факти од Интереврописката дивизија: bit.ly/eud-2023.

Оваа мисионска сторија ги пренесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали за живот исполнет со духот. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе информации за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Книжарницата *Бертранд* во Лисабон е најстарата книжарница во светот. Отворена е во 1732 година и работи цели 283 години.

Почнала да ја проучува Библијата со една верничка од црквата по име Ана. Пред самото проучување, Ана ја наведнувала главата во молитва, барајќи го Божјото присуство. На крајот од проучувањето, Ана ја прашала Саломе дали би сакала таа да се помоли. Саломе само одмавнала со главата. Тоа било нејзиното прво библиско проучување и во себеси таа имала измешани чувства за сето она што се случувало.

Ана тогаш предложила наместо молитва да отпеат песна. Саломе се согласила. Ана ја отворила песнарката и ѝ ја подала на постарата жена за да пеат заедно.

Ана пеела: „Јас сум грнчарот, а ти си глината...“

Кога Ана почнала да пее, Саломе веднаш почнала да плаче. Иако се обидувала да пее низ плачот, сепак не можела.

Изненадена од оваа ситуација, Ана престанала да пее, се свртела кон Саломе и само ја прегрнала.

„Не плачете“, рекла таа.

Оваа песна многу ја трогнала Саломе. Таа објаснила дека песната што Ана по случаен избор ја избрала од песнарката била испеана на погребот на нејзината мајка. Слушајќи го тоа, и Ана се расплакала, така што двете жени гушнати плачеле заедно.

Саломе продолжила да ја проучува Библијата со Ана. Таа дознала за крштевањето на Исус со нурнување во вода. Видела дека Библијата не го поддржува крштевањето на бебиња. Таа, исто така, одела на молитвените часови со својот внук и неговите родители. По некое време, родителите на малиот Жорге изразиле желба да се крстат.

Две недели пред крштевањето, Саломе ѝ се јавила на Ана и ѝ кажала дека сака да разговара со пасторот.

Ана сфатила што има на ум Саломе. „Дали сакаш да го направиш тоа што го мислам?“ прашала таа.

Пасторот бил изненаден од нејзината желба да се крсти, бидејќи била толку убедена дека не треба повторно да се крсти. Тој ѝ предложил слободно да одвои онолку време колку што ѝ е потребно за добро

да размисли и да донесе одлука.

Пет месеци подоцна, Саломе му го предала своето срце на Исуса со крштевање со нурнување.

Денес таа служи во Одделението за жени во нејзината адвентистичка црква. Таткото на Жорге е црковен старешина, а мајка му е ѓакона. Жорге се крстил кога имал 12 години.

Саломе до ден-денес не знае зошто Жорге плачел во државната градинка, а бил среќен во адвентистичката школа. Сепак, едно е очигледно. Благодарение на тоа што Хорхе се запишал во адвентистичката градинка, нејзиниот живот целосно се променил.

„Светиот Дух го допре моето срце и сфатив дека треба да се крстам.“

Образованието е важна работа преку која Христијанската адвентистичка црква во Португалија ја шири добрата вест за Христовото скоро доаѓање.

Дел од даровите на 13. сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на основно училиште во Сетубал. Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства и да придонесете за ширење на Божјото дело.

Ендрју Мекчесни



# Мистериозниот човек на велосипед

ПОРТУГАЛИЈА | 17 јуни 2023

**Вера**

Вера ја проучувала Библијата со една постара брачна двојка, Ана и Педро, кои биле неписмени. Синот на оваа брачна двојка, Бенвендо, им помагал во проучувањето на Библијата. Тој им ги читал на глас библиските стихови и ги запишувал нивните одговори.

Ана и Педро имаа над 70 години. Нешто во нив го привлекло вниманието на Вера. Кога за време на проучувањето на основните вистини со оваа брачна двојка дошла на ред темата за саботата, Ана со задоволство го прифатила библиското учење дека саботата е седмиот ден од седмицата.

„Да, да, знам дека е вистина“, рекла таа. Вера била изненадена. Луѓето во селата обично се држеле до своите традиционални верувања. Сепак, Вера не кажала ништо.

Една седмица подоцна, во рамките на основните вистини, ја обработиле и темата за чиста и нечиста храна (3. Мојсеева 11 глава).

„Да, да, знам дека е вистина“, повтори Ана. Вера повторно се изненади, но овој пат прашала: „Од каде знаете дека тоа е вистина?

Ана објаснила дека пред 60 години, едно саботно попладне, кога била мало девојче, во нивното село дошол еден маж на велосипед.

## Во врска со искуството

- Потсетете ги членовите во својата црква дека даровите на 13. сабота ќе бидат собрани на 24 јуни. Потсетете ги дека нивните мисионски дарови се средство за ширење на Божјата реч низ целиот свет. Даровите ќе бидат наменети за остварување на пет проекти во четири земји од оваа дивизија.
- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и важни факти за Интереворпската дивизија: bit.ly/eud-2023.
- Оваа мисионска приказна ги илустрира ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам" зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 е концептот на заживување на мисијата во светот и пожртвуваност за мисијата на тој начин што сите други членови на црквата, и млади и стари, а не само пасторите, ќе се вклучат во радосно сведочење за Христа. Целта бр. 2 зборува за зајакнување на пристапот на мисионските активности во големите градови..., како и меѓу нехристијанските религии. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали за живот исполнет со духот. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата и ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Дознајте повеќе информации за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам" на: IWillGo2020.org.

## Брзи факти

- Португалија е најголемиот производител на плута во светот, околу 100.000 тони секоја година. Оваа плута понатаму се користи за тапи за вино, како топлинска изолација во градежништвото. Најголеми увозници на плута од Португалија се Германија, Велика Британија и САД.
- Климата во Португалија е генерално топла. Оваа земја е позната во Европа по тоа што има најголем број сончеви часови. Некои делови на Португалија имаат околу 300 сончеви денови годишно.

Посетителот дошол на средселото и им проповедал на заинтересираните слушатели. Таткото на Ана бил меѓу нив.

Тој слушал, а потоа отишол дома и ги побарал во својата Библија стиховите што ги изнел непознатиот, проверувајќи дали навистина пишува така. За разлика од неговата ќерка, тој знаел да чита.

Човекот на велосипед доаѓал од сабота во сабота. Таткото на Ана внимателно слушал и проверувал дали она што го слуша се согласува со она што е напишано во неговата Библија. Увидел дека непознатиот човек изнесува само библиски вистини. Тој ѝ зборувал на Ана, кога била мала, дека саботата е седми ден и дека нивното семејство не треба да јаде нечисто месо.

Вера била одушевена од оваа приказна за адвентистичкиот проповедник мисионер. Благодарение на неговото проповедање пред повеќе децении, Вера не морала да ја убедува Ана дека ова што таа го кажува е библиска вистина. Ана знаела дека тоа е вистина бидејќи можела да го слушне истото од нејзиниот татко. Библиските проучувања со Вера само ги потврдиле неговите зборови.

Вера била одушевена од ова искуство. Се чувствувала како Исус да ѝ вели: „Зашто во ова вистинита станува поговорката: ‚Еден сее, а друг жнее.' Јас ве испратив да го жнеете она за што

не сте се труделе; други се трудеа, а вие влеговте во нивниот труд“ (Јован 4,37.38).

Ана и Педро набргу се крстиле благодарение на проповедите што непознатиот човек ги одржал пред многу години. Се крстил и нивниот син Бенвендо.

Вера никогаш не го заборавила ова искуство со Ана и Педро. Проучувала со оваа брачна двојка на почетокот на својата мисионска работа, па ова искуство подоцна ја зајакнало нејзината вера.

Каде и да работи како мисионер, не се грижи дали веднаш ќе ги види резултатите од својата работа или не. Нејзината работа е да го сее семето и цврсто да верува дека Бог сè ќе изведе на добро.

„Со нетрпение очекувам да го запознаам човекот на велосипед еден ден на небото. Тогаш ќе можам да му кажам дека неговата работа не била залудна, туку дека неколку луѓе се крстени благодарение на него“.

Образованието е важна работа преку која Христијанската адвентистичка црква во Португалија ја шири добрата вест за Христовото скоро доаѓање.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на основно училиште во Сетубал. Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства и да придонесете за ширење на Божјото дело.

Ендрју Мекчесни



## Програма на 13-тата сабота 24 јуни 2023

| | |
|---|---|
| **Почетна песна** | „Глеј Бог е љубов“, песна бр. 240 од песнарката на Христијанската адвентистичка црква |
| **Добредојде** | Водачот на саботната школа |
| **Молитва** | |
| **Програма** | „Мисионско поле во домот“ |
| **Дар** | |
| **Завршна песна** | „Да спасиме многу од гревот и јадот“, песна бр. 214 од песнарката на Христијанската адвентистичка црква |
| **Завршна молитва** | |

*Забелешка:(Учесниците не мора да ги запаметат нивните делови, но за да биде доволно запознаени со материјалот, така да не мора да прочитате што од сценариото. Воз себе целата програма, така што учесниците можат да се чувствуваат удобно и, доколку е потребно, нагласи она што го сметаат за важни.)*



# Мисионско поле во домот

ПРОГРАМА НА 13 . САБОТА | 24 јуни 2023

**Виктор и Јунис**

Виктор и Јунис копнееле да му служат на Господа како мисионери адвентисти во далечните земји како Ангола или Мозамбик. Меѓутоа, револуцијата што избувнала во 1974 година во Португалија, нивната татковина, ги срушила нивните соништа.

Сепак, можностите не биле онакви какви што изгледале на почетокот. Кога португалската војска ја презела власта, законите се измениле. За прв пат, христијанската адвентистичка црква можела да отвори училишта. Револуцијата довела до ново мисионско поле во локалната средина.

Во месеците што следеле по револуцијата, црквата во која оделе Виктор и Јунис посветила посебно внимание на советите на Елена Вајт за образованието. „Во сите наши цркви, и секаде каде што има група верници, треба да се основаат црковни училишта. Во овие училишта треба да работат учители со вистински мисионерски дух, за децата да се обучуваат да станат мисионери. Неопходно е учителите да се едуцираат за да можат да одиграат вистинска улога во поучувањето на децата кога се работи не само за науката, туку и за празнувањето на саботата и проучувањето на Светото писмо. Овие училишта, основани на различни места и водени од богобојазливи мажи и жени, треба да бидат градени на истите принципи на кои биле градени пророчките училишта“ (Review and Herald, 2 јули 1908 година, дел 1).

Црквата решила да основа црковно училиште.

Јунис, учителка во државно училиште, од четвртата генерација адвентисти во нејзиното семејство, го прифатила повикот да ги поучува децата во училиштето надвор од градот Порто.

Нејзината одлука ја довела до тоа со вера да направи голем чекор во непознатото. Пред тоа, Црквата во Португалија никогаш не управувала со училиште. Сè требало да се започне од нула.

„Тоа беше исто како да одам во Ангола или во некое друго мисиско поле. Немавме претходно искуство кое би можеле да го следиме. Сè беше ново за нас“, изјавува Јунис.

Верниците од црквата купиле имот на кој изградиле училиште. Наставата започнала во 1975 година. Децата од локалната црква се

собирале во една мала училница.

Бројот на ученици од година во година растел, бидејќи училиштето станувало сè попознато во локалната заедница. Родителите адвентисти од другите цркви почнале да ги испраќаат своите деца во ова училиште. Влијателни неадвентистички семејства, исто така, ги запишувале своите деца во училиштето, вклучително и сопственикот на локалната аптека и градоначалникот.

Јунис предавала во училиштето до нејзиното пензионирање. Виктор, кој 21 година работел како електроинженер, исто така станал учител. И двајцата работеле како директори на училиштето во различни временски периоди.

Со текот на годините, од првото адвентистичко училиште излегле многу мисионски ориентирани деца, вклучувајќи го и претседателот на Португалската унија, 14 пастири и 4 литературни евангелисти.

Виктор и Јунис можеле да ги видат многубројните деца кои му го предале своето срце на Исуса преку крштевање.

Еден од нивните најмили спомени се однесува на еден младич од неадвентистичко семејство. Тој се дружел со една млада девојка адвентистка, која работела како волонтер во училиштето. Со текот на времето, тие двајца почнале да се дружат, а подоцна стапиле во брак.

Денес, оваа брачна двојка претставува цврст столб на локалната адвентистичка црква. Една од нивните возрасни ќерки е општ лекар и другата водач на извиднички одред.

Виктор се сеќава на времето кога градот сакал да му оддаде почит за неговата изминатата работа и труд во образованието на децата. Градските власти предложиле една улица во градот да го носи неговото име.

„Не, не", рекол Виктор. „Доволно ми е што Бог знае дека сè што правам, го правам од љубов. Таа улица нека го носи името на нашето училиште".

Така, една од градските улици го добила името според адвентистичкото училиште.

Кога ќе погледнат наназад, Виктор и Јунис му се благодарни на Бога што одговориле на Неговиот повик и станале мисионери во својата земја.

„Размислувавме да работиме како мисионери во Ангола или во Мозамбик, но револуцијата во Португалија нè спречи да го сториме тоа. Тогаш сфативме дека нашата мисија е тука. „Училиштето и поучувањето на децата отсекогаш беа моја мисија", вели Виктор.

Јунис се сеќава на разговорот што Исус го водел со учениците, откако многу луѓе го напуштиле и престанале да го следат. Исус ги прашал своите ученици: „А Исус

## Во врска со искуството

- Потсетете ги сите дека нивните мисионски дарови служат за ширење на Божјата реч насекаде во светот и дека една четвртина од даровите на тринаесеттата сабота ќе се употребат за пет проекти во четири земји од оваа дивизија.

  Нараторот не мора да ја научи напамет оваа вистинска приказна, но тој или таа треба да бидат доволно запознаени со материјалот за да не мора да го читаат.

  Користете карта на светот за да ги прикажете четирите земји од Интеревропската дивизија кои ќе добијат средства од даровите на 13. сабота: Португалија, Франција, Швајцарија и Романија.

  Брачната двојка Виктор и Јунис се презиваат Алвеш, а училиштето во кое работеле се вика Colégio Adventista Oliveira do Dour, попознат по кратенката CAOD.

- Преземете слики од Facebook (bit.ly/fb-mq).
- Преземете ги мисионските објави и важни факти за Интеревропската дивизија: bit.ly/eud-2023.
- Оваа мисионска сторија ги изнесува ставовите на Христијанската адвентистичка црква. Проектот „Јас ќе одам“ зборува за целите на духовниот раст. Целта број 1 зборува за концептот за оживување на мисијата во светот и пожртвуваност за мисијата на тој начин што сите верници од црквата, а не само пасторите, ќе се вклучат во радосно сведочење за Христа. Целта бр. 5 зборува за поучување и на поединци и на семејства со помош на духовни материјали за живот исполнет со духот. Оваа цел понатаму зборува за зголемување на бројот на верници кои редовно се молат, ја проучуваат Библијата, ги користат саботношколските материјали и списите на Елена Вајт. Целта на мисијата бр. 6 зборува за поголем пристап, задржување и учество на децата и младите во црковните активности и во духовниот раст. Целта бр. 7 вели „да им се помогне на тинејџерите и младите да го стават Бога на прво место во нивниот живот и да оставаат пример за библискиот поглед на светот.“ Дознајте повеќе за стратешкиот проект на Христијанската адвентистичка црква „Јас ќе одам“ на: IWillGo2020.org.










им рече на Дванаесетмината: 'Да не сакате и вие да си отидете?' Симон Петар Му одговори: 'Господи, при кого да отидеме? Ти имаш зборови на вечен живот'" (Јован 6,67.68).

Јунис се согласува со Петар.

„Ако не те следам Тебе, кого да следам", вели тој. „Каде и да постоеше адвентистичка школа, таму Бог ме насочуваше".

Образованието е важна работа преку која Христијанската адвентистичка црква во Португалија ја шири радосната вест за Христовото скоро доаѓање.

Дел од даровите на 13-тата сабота од ова тримесечје ќе бидат употребени за изградба на основно училиште во Сетубал. Ви благодариме што планирате да издвоите великодушни средства и да придонесете за ширење на Божјото дело.

Ендрју Мекчесни

*(Давањето дарови може да биде придружено со инструментална музика)*



## Идни проекти на 13. сабота

**Проектите од следното тримесечје доаѓаат од Трансевропската дивизија на Генералната конференција на Адвентистичката христијанска црква:**

1. **Изградба на центар на влијание во Рига, Латвија.**
2. **Изградба на младински камп во Зеленика, Црна Гора.**

## Мисионско катче

- **Помогнете ни да допреме до 66% од светската популација која сè уште чека да го искуси спасоносното знаење за Исус. Вашата поддршка со мисионските дарови помага да дојде до промена во животот на луѓето.**
- **За да се осигураме средствата за мисијата никогаш да не пресушуваат, посетете ја интернет страницата: Giving.AdventistMission.org.**
- **Посетете ја нашата Фејсбук страница и преземете ги дополнителните материјали за мисијата.**




## ИНТЕРЕВРОПСКА ДИВИЗИЈА

| УНИИ | ЦРКВИ | ГРУПИ | ЧЛЕНОВИ | ЖИТЕЛИ |
|---|---|---|---|---|
| Австрија | 57 | 10 | 4,326 | 8,944,000 |
| Бугарија | 115 | 104 | 7,032 | 6,888,000 |
| Чешка/Словачка | 190 | 33 | 9,517 | 16,137,000 |
| Франција/Белгија | 174 | 46 | 19,475 | 77,464,000 |
| Италија | 107 | 20 | 9,334 | 59,596,000 |
| Северна Германија | 321 | 21 | 18,721 | 47,529,004 |
| Португалија | 94 | 21 | 10,274 | 10,299,000 |
| Романија | 1,075 | 245 | 62,071 | 19,182,000 |
| Јужна Германија | 220 | 22 | 15,517 | 35,613,996 |
| Шпанија | 109 | 50 | 17,383 | 47,506,000 |
| Швајцарија | 57 | 4 | 4,728 | 8,733,000 |
| **ВКУПНО** | **2,519** | **576** | **178,378** | **337,892,000** |

## ПРОЕКТИ

1. Изградба на основно училиште во Сетубал, Португалија
2. Изградба на центарот „Надеж и живот“ во Лион, Франција
3. Изградба на младински камп во Гланд, Швајцарија
4. Изградба на основно училиште во Мојсеа, Романија
5. Изградба на центар за воннаставни активности во Галата, Романија

АДВЕНТИСТИЧКА МИСИЈА

Не заборавајте да го преземете вашето бесплатно видео Mission Spotlight, кое содржи извештаи од Инеревропската дивизија и пошироко. Преземете или проследете ја веб-страницата на Адвентистичката мисија на bit.ly/missionspotlight.

## Онлајн информации

Следниве се извори на информации можат да бидат корисни при подготовката за вестите во саботната школа. За повеќе информации за културите и историјата на земјите претставени во овој квартал, посетете ги:

| | |
|---|---|
| Websites | |
| Италија: government website | bit.ly/ItalyGovt |
| Rick Steves | bit.ly/StevesItaly |
| National Geographic | on.natgeo.com/3MlSPgX |
| Португалија: government website | bit.ly/PortGovt |
| Rough Guide | bit.ly/RGPortugal |
| Visit Portugal | bit.ly/Visit_Port |
| Романија: government website | www.gov.ro/en |
| Romania Tourism | bit.ly/RomaniaTour |
| Lonely Planet | bit.ly/LP_Romania |
| Шпанија: government website | bit.ly/SpainGovt |
| US News Travel | bit.ly/USNews_Travel |
| Lonely Planet | bit.ly/LP_Spain |

| | |
|---|---|
| Seventh-day Adventist | |
| Inter-European Division | bit.ly/SDA_EUD |
| Italian Union of Churches Conference | bit.ly/SDA_ITCC |
| Portuguese Union of Churches Conference | bit.ly/SDA_PUCC |
| Romanian Union Conference | bit.ly/SDA_RUC |
| Spanish Union of Churches Conference | bit.ly/SDA_SUCC |

Ќе помогне вниманието да се фокусира на светската мисија и да се зголеми седмичното мисионско дарување. Сосредоточете го своето внимание на светската мисија и зголемете ги седмичните мисионски дарувања. Побарајте од вашиот Одбор на саботната школа да ја постави  целта за вашите мисионски дарувања. (Поставете повисока цел од онаа што била за минатото тримесечје, поделете ја сумата на 14 делови – (12 редовни тримесечни делови и два дела за тринаесеттата сабота). Покажете го неделниот графикон на напредок кон поставената тримесечна цел. Потсетете ги верниците исто така дека активностите на светската црква зависат од седмичните мисионски дарови на саботната школа. Дванаесеттата сабота поднесете извештај за мисионскиот дар собран во текот на тримесечјето и потсетете ги членовите на саботната школа да ги приготват своите дарови на тринаесеттата сабота за наредната седмица. Оваа информација за собраните средства мнозина ќе охрабрат да продолжат да ги приложуваат своите мисионски дарувања.

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА**
**2/2023**

**Вести од светот**

**Излегува тримесечно**

**Издава:**
Управниот одбор на
Христијанската адвентистичка црква
во Р. Македонија

**Превод и техничка подготовка:**
Мелита Томовска

**Одговара:**
Томе Трајков

**Адреса:**
„Влае“ бр. 42
1000 Скопје

www.adventisti.mk

ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА